РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Бр./Nr. 10-13150/11
26-10-2021 20 год./vit
СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за проектирање, инженеринг, услуги и трговија ИНТ ГЛОБАЛ ИНЖЕНЕРИНГ АВ увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 0307-516/2021
27.10.2021 год.
Битола

# ДОГОВОР
## за вршење на стручно-технички надзор

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**А.Министерство за образование и наука,** ул.„Св.Кирил и Методиј" бр.54, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од министерката за образование и наука Мила Царовска (во понатамошниот текст **„Корисник на услуги"**) од една страна и

**Б.Друштво за проектирање, инженеринг, услуги и трговија „ИНТ ГЛОБАЛ ИНЖЕНЕРИНГ АВ" ДООЕЛ увоз-извоз Битола**, ул.„Партизански одреди" бр.52/1, 1000 Скопје, застапувано од Управителот Ружа Гроздановска (во понатамошниот текст **„Давател на услуги"**) од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Договор е набавка на услуги за вршење на стручно-технички надзор при реконстукција на под во фискултурна сала и придружни простории во ООУ „Живко Брајковски" Општина Бутел, согласно Техничките спецификации од тендерската документација бр.10-13150/3 од 17.09.2021, објавени со Оглас бр.16180/2021 за доделување на договор за јавна набавка, Записникот од спроведениот технички дијалог бр.10-13150/2 од 17.09.2021 година, Одлуката за избор на најповолна понуда бр.10-13150/8 од 06.10.2021 година и Конечната понуда со бр.10-13150/10 од 20.10.2021 година.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната цена на услугите за вршење на стручно - техничкиот надзор од член 1 на овој Договор, изнесува 8.661,00 (осумилјадишестотинишеесетиеден) денари без ДДВ.

Вкупната вредноста на ДДВ изнесува 1.559,00 (илјадапетстотинипедесетидевет) денари.

Вкупната вредност на Договорот со вклучен ДДВ изнесува **10.220,00** (десетилјадидвестаидваесет) денари.

Не се предвидува корекција на цените, истите ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

Во случај на склучување на Анекс за кусок/вишок или непредвидени работи на Догорот за изведба, цената за стручно технички надзор ќе остане непроментета.

Цената останува непроменета и во случај на намалување или зголемување на вредноста на договорот, како и во случај на промена на рокот за вршење на стручно-техничкиот надзор.

## IV. НАЧИН И РОК ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ

**Член 3**

Времетраењето на договорот за услуги е 5 (пет) месеци, сметано од денот на склучување на договорот.

Рокот за стручно-технички надзор се продолжува само доколку има оправдани причини за истото (пропорционално на рокот за изведба), односно доколку се продолжи и рокот за изведба.

Со продолжување на рокот за надзор, задолжително се продолжува и важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на работите.

## V.НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 4**

Начинот на плаќање ќе се врши процентуално од времена/завршна ситуација за изведените работи со доставување на фактура пропратена со Извештај за завршни градежни работи и плаќањето ќе биде во рок од 60 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Корисникот на услуги.

## VI.ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГИТЕ

**Член 5**

Давателот на услугите се обврзува да ги извршува услугите стручно и квалитетно, согласно постојните прописи во градежништвото.

Давателот на услугите се обврзува да ги изврши следните услуги:

-Задолжително да изготвува неделни (по маил), месечни извештаи (хартиено) и извештај по секоја изготвена времена ситуација, а недоставувањето на извештаи е основ за еднострано раскинување на договорот;

-Редовно да биде присутен на локацијата при изведба на градежните работи за целото времетраење на работите, а најмалку три пати во текот на една недела;

-Да именува одговорен инженер за вршење на услугата и да назначи персонал соодветно на позициите кои се изведуваат, а за тоа писмено да го извести инвеститорот во рок од 3 дена од потпишување на договорот;

-Да бара од изведувачот на градежните работи да ги исполни основните барања за градбата и другите услови пропишани со Закон;

-Да бара од изведувачот на градежните работи задолжителна примена на македонските стандарди кои се во согласност со европските стандарди;

-Да бара од изведувачот на градежните работи, градежните производи кои ќе се користат, нивните технички својства и другите технички барања задолжително да се во согласност со барањата наведени во проектот и техничките спецификации од предмерите;

-Да бара од изведувачот да доставува атести за материјалите кои ќе се вградуваат, пред нивно вградување;

-Да бара од изведувачот на градежните работи да се придржува на сите инструкции дадени од Надзорот, во врска со движењето на механизација, материјали и работна сила;

-До инвеститорот да доставува писмени извештаи за секој месец за изведените работи, извештај како прилог кон секоја времена и завршна ситуација, ситуација за непредвидени работи, вишок/кусок, како и неделни извештаи (електронски) за степенот и квалитетот на изведените работи како и за сите настанати ситуации во врска со изградбата на објектот;

-Да доставува одговор/мислења до Корисникот на услугите по писмени барања на изведувачот во рок не подолг од 5 дена;

-Да ја контролира времената и завршната ситуација дали е во согласност со изведените работи мерени на лице место како и со предмерот составен дел на Договорот за градежни работи за изведба;

-Да одбие и/или намали количина на изведена позиција од времената ситуација на изведувачот доколку истата не е во согласност со предмерот, составен дел на договорот за изведба, како и со количините измерени на лице место, а причината за истото треба да биде наведена во извештајот прилог кон времената ситуација.

-Да ја намали вредноста на времената ситуација во согласност со одредбите од Договорот за изведба на градежни работи, а за истото треба да изготви и образложение прилог кон времената ситуација со прилог задолжница, која е должен да ја изготви изведувачот по укажувањето на Надзорниот инжинер.

**Член 6**

Давателот на услугите има право да одбие и/или намали количина на изведена позиција од времената ситуација на изведувачот доколку истата не е во согласност со предмерот, составен дел на договорот за изведба, а причината за истото треба да биде наведена во извештајот прилог кон времената ситуација.

Давателот на услучите има право да ја намали вредноста на времената ситуација во согласност со одредбите од Договорот за изведба на градежни работи, а за истото треба да изготви и образложение прилог кон времената ситуација.

## VII. ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ НА УСЛУГИТЕ

**Член 7**

Корисникот на услугите со овој Договор се обврзува:

-Да го воведе Давателот на услугите во објектот на кој треба да се изврши стручно - технички надзор;

-Да му овозможи услови за соодветно, квалитетно и навремено спроведување на договрените обврски;

-За извршените работи по доставувањето на фактура да му ја исплати утврдената цена согласно Член 2 од овој Договор, а во согласност со понудата на Давателот на услугите.

Корисникот на услугите е должен со овој договор да определи одговорно лице и замена за следење на реализација на договорот или со овластување да определи друго одговорно лице за следење на реализација на договорот по склучување на договорот, за кое што писмено го известува Давателот на услугите.

Одговорни лица за следење на реализација на Договорот кај Корисникот на услугите се Ненад Коковиќ и Маја Даскаловска.

Одговорното лице за следење на реализацијата на овој договор, ќе ја следи реализацијата на Договорот, согласно одредбите на овој договор за што навремено и хронолошки изготвува контролна чек - листа за реализација на активностите и обврските од договорот и евентуално анексите на овој договор, а ќе ги извршува особено следните работи:

- Контактира со Носителот на конкретната набавка;
- Доставува барања за одреден тип на услуги/стоки кај сукцесивните јавни набавки;
- Го следи квалитетот и квантитетот на извршување на договорот и истото го гарантира на фактура/ситуација/испратница или друг документ со кој се гарантира квалитетот и квантитетот на Договорот;
- Во рок од 5 (пет) дена од денот на прием на фактура/испратница, изготвува и доставува писмен доказ за враќање на фактура/ситуација доколку утврди дека истата не е согласно Договорот;
- Го следи рокот за испорака на стоки/извршување на услуги;

- Врши воведување во работа кај набавките за работи;
- Составува записник за примопредавање кај набавките за стоки и работи, како и записник за извршена услуга кај постапките за услуги, кој треба да е во согласност со доставената техничка спецификација/предмер пресметка. Записникот задолжително го потпишуваат двете одговорни лица;
- Известува за настанати проблеми во текот на реализација на договор и е одговорно за координација на засегнатите страни со цел надминување и решавање на настанатите проблеми;
- Ги следи роковите утврдени во договорот како и времетраењето на договорот, иницира превземање и/или превзема соодветни постапки со цел да обезбеди реализација на договорот во рамките на утврдените рокови и времетраење на договорот и го известува одделението за координација на јавните набавки за сите склучени анекси;
- Задолжително при целосна реализација на договорот од двете договорни страни, до Одделението за координација на јавните набавки доставува допис потпишан и архивиран дека договорот е целосно реализиран;
- Го следи рокот на важност на банкарската гаранција во случај на договори за кои е обезбедена банкарска гаранција, иницира превземање и/или превзема соодветни постапки со цел да го обезбеди период на важност на банкарска гаранција и иницира превземање и/или превзема активности за активирање на банкарската гаранција во случај предвиден со договор и закон;
- Ја следи исплатата и обезбедува дека нема да се надмине вредноста на договорот утврдена со договорот или анкес на договорот;
- Води индикативен термински план за вредносна реализација на договорот и евентуален анекс/и на договорот;
- Врши други работи за следење и реализација на договорот за набавката;
- Ќе следи дали договорот се реализира според Одобрението за градба, Основниот ревидиран проек, барањата во Тендерската документација кон огласот за јавна набавка, според понудата на давателот на услугите и според одредбите на овој договор;
- Изготвува писмена коресподенција во врска со реализација на договорот во разумен рок или во рокови предвидени со овој договор;
- Обезбедува документација потребна за изведба на работите што се предава на Давателот на услугите на денот на склучување на Договорот согласно одредбите од овој договор, за што изготвува и потпишува Записник за примопредавање на документацијата;
- Учествува на лице место во вовед во работа;
- Врши увид на лице место над изведба на работите најмалку 2 пати во месецот, за што сочинува Извештај од извршениот увид;
- Пред надзорниот орган и пред Изведувачот ќе ги истакнува барањата и сугестиите на Нарачувачот при изведувањето на работите;
- Ќе го следи почитувањето на роковите утврдени во динамичниот план;
- Ги потврдува времените месечни ситуации претходно потврдени од страна на надзорниот орган, со што гарантира дека работите се извршени согласно договорот;
- По извршениот технички прием ги прима објектите при примопредавањето;
- Ги координира преставниците на Изведувачот, Надзорниот орган, Општината, Училиштето, а по потреба и други релевантни учесници за изведба на работите предмет на овој договор, за увид на лице место, за меѓусебни консултации и слично;
- Организира координативни состаноци според утврден распоред и иницира координативни состаноци во случај на оценка на ризик или потреба за меѓусебна кординација;

- Го следи и се грижи за навремено постапување во рокови за активности според заклучоци по одржани состаноци;
- По целосна реализација на договорот, како и во случај на раскинување на договорот, изготвува Извештај за реализација на договор со прилог потпишана контролна чек - листа што содржи хронолошки настани и факти за реализација на активностите и обврските од договорот и евентуално анексите на овој договор. Извештајот, особено содржи и дел за генерално стручно видување за реализација на договорот, дава осврт на работите што евентуално довеле до ризик за ненавремено, неквалитено или некоординирано извршување на работите или придонеле за настанување на штета или имале друго негативно влијание врз реализацијата на договорот и задолжително дава свое стручно мислење со предлози што ќе придонесат за подобрување на резултатите и намалување на ризиците за изведба на сличен проект;
- Учествува на лице место при техничкиот прием за што се потпишува на Записникот за технички прием;
- Учествува во подготовка на документацијата за пренесување на вредноста на градежните работи за објектите предмет на овој договор на Корисникот на објектот;
- При примопредавање на објектот или во разумен рок по примопредавањето на објектот, го запознава Корисникот на објектот за обезбедување на услови за почитување на упатствата за одржување на училишни објекти, за што обезбедува писмено известување од Корисникот на објектот дека одговорното лице го запознало со упатствата за одржување кои задолжително ќе ги применува како добар стопанственик;
- Води досие – предмет за реализација на овој договор и евентуалните анекси на овој договор;
- По потреба срочува службена белешка со мислење за фактичката состојба, архивски службено ја евидентира и со истото ги запознава одговорните лица кај Корисникот на услугите, како и
- Врши и други работи поврзани со следење на реализација на договорот по свое видување и на барање на Корисникот на услугите.

Корисникот на услугите е должен најмалку еднаш во месецот да организира координативни состаноци за текот на реализација на проектот, за што составува Записник од секој состанок, го следи извршувањето на договорот и дали се почитуваат одредбите од истиот.

**Член 8**

Корисникот на услугите со цел да не се одложат договорените услуги во рамките на разумен временски период ќе му ги даде на Давателот на услугите без надоместок сите информации со кои располага, а кои се потребни за непречено извршување на услугите.

## VIII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 9**

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

## IX. ГАРАНЦИЈА

**Член 10**

Услов за полноважност на договорот е обезбедување гаранција од страна на Давателот на услуги, за квалитетно извршување на договорот во висина од 10 % (десет проценти) од

вредноста на договорот со вклучен ДДВ.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма, издадена од реномирана банкарска институција, резидентна во Република Северна Македонија, по слободен избор на економскиот оператор.

За корисникот на услуги се прифатливи сите банки. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот. Важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување го опфаќа рокот за извршување на услугата продолжена за 30 (триесет) дена.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот Давателот на услуги ја доставува по добиеното известување за извршениот избор, а во рок од 5 (пет) работни дена од денот на потпишување на овој Договор.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку Давателот на услугите:

-нередовно присуствува на објектот;

-не се придржува до одредбите во договорот;

-не извршува услуги согласно описите/спецификациите дадени во предмерот, односно одобрува да се вградат материјали чии технички карактеристики отстапуваат од наведените во предмерот прилог кон Договорот за изведба.

Корисникот на услугата писмено ќе го извести Давателот на услугата дека ќе пристапи кон наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот. Доколку дојде до наплата на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, договорниот орган ќе објави до електронскиот систем за јавни набавки на негативна референца.

Во случај да не се изврши предметот на набавката навремено или доколку не прифати да направи корекции за забелешките кои ќе ги утврди Корисникот на услугите или во случај на неисполнување на некоја од обврските кои ќе бидат дефинирани во договорот, Корисникот на услуги ќе пристапи кон наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот по 10 дена од денот на доставената писмена опомена до Давателот на услуги.

Корисникот на услугите може да побара продолжување на важноста на банкарската гаранција доколку тоа го оцени за потребно и доколку се промени рокот на Договорот за изведба.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот Корисникот на услугите му ја враќа на Давателот на услугите во рок од 14 (четиринаесет) дена од целосното реализирање на договорот (вклучувајќи го и периодот за отстранување на недостатоците). Корисникот на услугите може да побара продолжување на важноста на банкарската гаранција доколку тоа го процени за потребно.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот Корисникот на услугите му ја враќа на Давателот на услугите лично во седиштето на Корисникот на услугите.

## X. ВИША СИЛА

**Член 11**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила.

Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

Под Виша сила согласно овој Договор се смета: земјотрес, пожар, поплава, експлозија, епидемија, цивилни немири.

По отстранување на Вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XI. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 12**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање, во спротивно надлежен за решавање на сите евентуални спорови е Основниот суд Скопје-2, Скопје.

## XII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 13**

Неисполнувањето на обврските од страна на Давателот на услугите наведени во член 5 од овој договор претставува основ за раскинување на договорот.

**Член 14**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, мора да му остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ниту во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

**Член 15**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета за извршената работа.

**Член 16**

Една од договорните страни може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна дополнителен рок за исполнување, ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штета.

**Член 17**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува Договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 18**

Со раскинувањето на Договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

**Член 19**

Раскинување на Договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на Договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат спогодбено.

**Член 20**

Страната што е овластена да бара раскинување на Договорот поради променетите околности е должна за својата намера да бара раскинување на договорот и да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности. Ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено или писмено доставено на време.

## XIII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 21**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено со Анекс Договор на основниот Договор.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 22**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 23**

Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои 4 (четири) примерока за Корисникот на услугите и 2 (два) примерока за Давателот на услугите, а стапува во сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| **КОРИСНИК НА УСЛУГИ,** | **ДАВАТЕЛ НА УСЛУГИ,** |
| **МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА** | **Друштво за проектирање, инженеринг, услуги и трговија „ИНТ ГЛОБАЛ ИНЖЕНЕРИНГ АВ“ ДООЕЛ увоз-извоз Битола** |
| **МИНИСТЕРКА,** Мила Царовска | **УПРАВИТЕЛ, Ружа Гроздановска** |

Изготвил:Наташа Димовска
Прегледал: Бојан Митковски
Согласен:Весна Васиќ
Благица Мојсова
Одобрил: Милка Масникоса
Маја Бичиклиска